Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 61, 1 јуни 2011 година

јуни 2011 година
Штип

# СОДРЖИНА

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд-одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање помлад асистент за научната област сметководство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 4

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање вонреден професор за научната дисциплина транспорт, шпедиција и осигурување на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за областа сметководство и финансии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 18

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 30

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област музичка теорија и педагогија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 37

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област музикологија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 42

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област менаџмент на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕФЕРАТ** за избор на помлад асистент/асистент за областа машинство на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 61

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област фармацевтска анализа на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 64

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА ОБЛАСТА СМЕТКОВОДСТВО И ФИНАНСИИ НА ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1702-86/3 од 20.04.2011 год., донесена на шестата седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, одржана на 20.4..2011 год., определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област сметководство и финансии на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм" на 9.4.2011 год. и во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Јанка Димитрова. По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" му го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Јанка Димитрова** е родена на 11 декември 1960 година во Радовиш. Основно училиште завршува во ОУ „Григор Прличев" во с. Ораовица, Радовишко, во 1975 година, а матурира во ДСУ „Коста Сусинов" во Радовиш, во 1979 година. Своето образование го продолжува на Економскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", дисперзирани студии во Штип, каде дипломира на насоката Економика и организација на производствените претпријатија со одбрана на дипломскиот труд на тема „Законот на вредноста и цените" на 12 декември 1984 година.

Во академската 2002/2003 година се запишува на постдипломските студии од областа на МБА менаџмент на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, Економски факултет - Прилеп и пропишаните испити ги завршува во предвидениот рок, постигнувајќи просечна оценка 9,10.

На 29 декември 2005 година, д-р Јанка Димитрова успешно го одбранува магистерскиот труд под наслов „Теоретско методолошки аспекти на независните ревизорски тестови и нивната функција во имплементацијата на фундаменталните концепти на ревизијата".

На 2 декември 2010 година ја одбранува својата докторска дисертација на тема „Информативната функција на ревидираните финансиски извештаи на деловните субјекти од Република Македонија, при мобилизирањето капитал преку емисија на хартии од вредност" на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, Економски факултет - Прилеп.

На 7 декември 1982 година се вработува во ДОО „РАДОВИШ ПРЕВОЗ" Радовиш - претпријатие за превоз на патници и стоки во земјава и во странство, каде работи 19 години, од кои 12 години како раководител на Секторот за сметководство, финансии и планирање.

Во октомври 2001 година почнува сопствен бизнис во ДОО „ИДЕЈА ПЛУС" - Радовиш - Друштво за финансиски консалтинг, каде работи од јануари 2002 до јуни 2003 година.

Од јули 2003 до март 2006 година работи како овластен ревизор во Пелагониска ревизорска куќа ДОО Прилеп.

Од април 2006 до мај 2008 година работи како финансиски консултант во „ИДЕЈА ПЛУС" ДОО Радовиш.

Од јуни 2008 до април 2010 година работи како инвестиционен советник, брокер и управител на „ИДЕЈА ПЛУС БРОКЕР" АД Радовиш.

Од мај 2010 година до сега е менаџер на Друштвото за ревизија, проценка, вештачење и финансиски консалтинг „ИДЕЈА ПЛУС РЕВИЗИЈА & КОНСАЛТИНГ" ДОО- Радовиш.

Во текот на своите 28 години работно искуство врши:

– книговодствени услуги на повеќе претпријатија од Радовиш и општината;
– изработува бизнис планови за барања за краткорочни и долгорочни кредити;
– изработува деловни планови и физибилити студии за националната програма за рурален развој и ИПАРД програмата;
– врши проценка на вредноста на 13 претпријатија со општествен капитал, според методологијата за проценка на општествениот капитал пропишана од Агенцијата за трансформација на претпријатијата со општествен капитал;
– врши проценки на имот при основање на трговски друштва за потребите на регистрационите судови во Штип, Скопје и Битола, како и Централниот регистар на РМ;
– врши стручни експертизи и вештачења за судски предмети кај основните судови во Радовиш, Штип, Струмица;
– работи како брокер за тргување со хартии од вредност и инвестициски советник;
– претставник и соработник е на консултантската куќа „ПРО агенс“ во Скопје;
– врши ревизија на финансиските извештаи на претпријатијата во соработка со Пелагониска ревизорска куќа Прилеп;
– Работи како советник-специјалист од страна на Агенцијата за поддршка на претприемаштвото на РМ - АППРМ, во проектот Ваучер систем на советување - ВСС, на микро и мали претпријатија, како и на невработени лица.

Работејќи, континуирано се усовршува преку посета на семинари и работилници при што со полагање на испити се стекнува со овласувања за:

– проценител со општо овластување за проценка на претпријатијата со општествен капитал, издадено од Агенцијата за приватизација на претпријатијата со општествен капитал (во мај 1994 година);
– работење со хартии од вредност како на Македонската берза, така и на берзите надвор од Р. Македонија, издадено од Комисијата за хартии од вредност (во јуни 1996 година);
– ЦЕФЕ тренер - за обука на претприемачи на мали и средни претпријатија, издадено од Deutsche Ausgleichsbank, Агенцијата за приватизација и ГТЗ (во август 1997 година);
– ревизор - издадено од Министерството за финансии на Р. Македонија (во јуни 2003).
– инвестиционен советник - издадено од Комисијата за хартии од вредност (во октомври 2007 година);
– советник за претприемништво - специјалист, издадено од АППРМ, декември 2005 г.;
– советник за претприемништво - генералист, издадено од АППРМ, декември 2005 г.;
– консултант за поддршка на развојот на мали и средни претпријатија;
– проценител на основачки капитал за регистрационите судови во Штип, Скопје и Битола, како и за Централниот регистар на РМ;
– вешто лице за основните судови во Радовиш и во Струмица;
– агент за осигурување во втор и трет пензиски столб на КБ нов пензиски фонд на Комерцијална банка АД Скопје, издадено од МАПАС;
– агент за осигурување на Австрискиот WP пензиски фонд и др.

Д-р Јанка Димитрова солидно го познава англискиот јазик, а има одлични познавања и од Windows XP Professional, Microsoft Office XP, Интернет и слично.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Јанка Димитрова во досегашното активно работење, усовршување и оспособување од областа на сметководството, финансиите, ревизијата и финансиското посредување, пројавува позитивни тенденции со што преку нејзините објавени стручни и научни трудови станува сè позабележителна во современата теорија и стопанска практика од областите на сметководство, ревизија, финансискиот менаџмент и законската регулатива за работењето на деловните субјекти во Р. Македонија.

Со магистрирањето, истражувачките активности на д-р Јанка Димитрова не престануваат, туку напротив, таа со уште поголем ентузијазам и носена со желбата да ги продлабочи своите знаења од областа на сметководството, финансиите, ревизијата,

финансиското посредување и сл. објавува повеќе стручни и научни трудови меѓу кои како позначајни се издвојуваат:

1. **Јанка Димитрова**: Информативната функција на ревидираните финансиски извештаи на деловните субјекти од Република Македонија, при мобилизирањето капитал преку емисија на хартии од вредност, докторска дисертација, Економски факултет - Прилеп, 2010 г.;
2. **Јанка Димитрова**: Теоретско методолошки аспекти на независните ревизорски тестови при имплементација на фундаменталните концепти на ревизијата, магистерски труд, Економски факултет-Прилеп, 2005 г.;
3. **Јанка Димитрова**: Емисија на хартии од вредност како извор на капитал, објавен во списанието „Економија и бизнис", јануари 2010 г.;
4. **Јанка Димитрова**: Банкарските кредити како извор на капитал, објавен во списанието „Економија и бизнис", април 2010 г.

Д-р Јанка Димитрова е организатор, модератор и презентер на следниве едукативни проекти:

1. Семинар за промени во Законот за платен промет, поддржан од Прокредит банка - Филијала Струмица, за повеќе од 30 книговодители од Радовиш, на 29.12.2008 година.
2. Семинар за почитување и примена на законската регулатива на Р.Македонија, при водење на мали бизниси, за 80 слушатели претприемачи од општина Радовиш, одржан на 12.12.2009 година.
3. Тридневен семинар за ажурирање на базата на податоци за локални даноци и такси - поддржан од ЕЛС Радовиш и Конче и UNDP, за 20 слушатели, одржан на 11.12 и 13.2.2010 година
4. Презентира истражување на тема „Мобилизација на капитал преку емисија на хартии од вредност (реална можност или илузија)", на настан организиран во организација на Македонската берза за хартии од вредност, објавен на www.mse.com.mk, на 19.5,2009 г.
5. Предавање на тема „Хартиите од вредност како извор на капитал, во рамките на континуираното професионално усовршување на овластените ревизори на Р. Македонија" одржано на 29.9.2010 г, објавено на www.iorrm.org.mk, на 29.9,2010 г.

Апликативната димензија на д-р Јанка Димитрова евидентно се согледува и реализира при процесот на научноистражувачката работа во повеќе научни и практични проекти, како што се:

- SME Development Project Govermment & Private Sector, An EU funded project, menaged by EAP;
- Academic Training Asosiation (ATA) for students intership – Меѓународна конференција, 15, 16 и 17 април 2008 г., Скопје;
- 10-та јубилејна конференција на Македонската берза, 23-25 април 2009 година., Охрид;
- Проект за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори за 2009 година во организација на Институтот за овластени ревизори на Република Македонија (ИООРРМ).
- Productivs Impruvment of SMEs (Проект за поттикнување на продуктивноста на мали и средни претпријатија) одржан на 18.52010 г., Струмица;
- Проект за континуирано професионално усовршување на овластените ревизори за 2010 година во организација на Институтот за овластени ревизори на Република Македонија (ИООРРМ).
- Шеста конференција за поттикнување на извозот, одржана на 13.12.2010 година, во организација на Министерството за економија.
- Проект-обука за ажурирање на базата на податоци за администрирање на локални даноци и такси, поддржан со меѓуопштинска соработка помеѓу ЕЛС на Општините Радовиш и Конче и УНДП, во улога на подготвувач на пишани материјали и модератор и презентер на тридневна обука за 20 слушатели.

– Проект „Градење на капацитетите за создавање економија базирана на знаење“, поддржан од Министерството за економија, АППРМ, Стопанска комора на РМ, Сојуз на стопански комори на РМ, Комората на консултанти и обучувачи на РМ, а финансиран од Austrian Development Cooperation, 15.2.2011 г.

Д-р Јанка Димитрова изработува огромен број стручни трудови во форма на елаборати за проценка, деловни планови, инвестициони програми, физибилити студии, анализи на работењето и развојните можности, оценка на деловната идеја, ревизија на финансиските извештаи, стручни експертизи и мислење по голем број судски предмети, од кои ќе ги издвоиме следните.

1. Елаборати за проценка на претпријатија со општествен капитал  за 13 субјекти, изработени според Методологијата за проценка на Агенцијата за приватизација на Р. Македонија во период од 1994 до 2005 г.
2. Елаборати за проценка на имот за седум субјекти, изработени согласно со Меѓународните стандарди за финансиско известување, 2001-2010 г.
3. Физибилити студија за воспоставување на откупен центар за овошје и зеленчук за РУЈКО КОМПАНИ ДООЕЛ, с. Калугерица, Радовиш, 2010 г.
4. Анализа на работење и развојни можности на компании (за ИПАРД програмата за 3 субјекти, 2010 г; за националната програма за рурален развој за 10 субјекти, 2008 и 2009 г.; за програмата кредитирање на мали и средни претпријатија од деловните банки и Македонската банка за поддршка на развојот, за 12 субјекти, 2001-2010 г.; Програма за финансирање на повратници од Германија, за еден субјект поддржано од DeucheAustglasebank, 2002 г.).
5. Едукативни консултации за оценка на деловната идеја на физички и правни лица за проектот самовработување и ваучер систем на советување поддржани од АППРМ.
6. Извештаи за ревизија на финансиски извештаи за повеќе правни субјекти.
7. Стручна експертиза и мислење за голем број предмети за основните судови во Радовиш и Струмица.

**Евалуација на трудот број 1 –** „Информативната функција на ревидираните финансиски извештаи на деловните субјекти од Република Македонија, при мобилизирањето капитал преку емисија на хартии од вредност“, докторски труд, 257 страници, Економски факултет-Прилеп, 2010 г.

Докторската дисертација на авторката д-р Јанка Димитрова, актуализира голем број прашања, проблеми и дилеми од областа на сметководството, финансиските извештаи и нивната содржина, показателите кои произлегуваат од презентирањата во финансиските извештаи, местото и улогата на ревизијата на финансиските извештаи во зајакнување на кредибилитетот на информациите при носењето на одлуки за мобилизирање капитал преку емисија на хартии од вредност во компаниите. Според приложените научни и стручни презентации, како и постигнатите резултати од истражувањето, може да се оцени дека д-р Јанка Димитрова, изработила труд што ќе биде од особена корисност и за пошироката научна и стручна јавност како во земјава, така и пошироко.

Композицијата и содржината на докторската дисертација на д-р Јанка Димитрова наведуваат на тоа дека истражувањето се реализира во седум главни делови, коишто заедно со воведниот дел и заклучните согледувања ја претставуваат истражувачката целина.

Во глава 1 од докторскиот труд со наслов „Теоретско концептуална рамка на ревизијата во современите економии“ д-р Јанка Димитрова дава објаснувања и ја разработува теоретско концептуалната рамка на ревизијата.

Дефинирајќи ги финансиските извештаи како основен извор на информации за работењето на деловните субјекти, Ј. Димитрова истакнува дека тие добиваат на тежина и веродостојност, односно се зголемува кредибилитет пред пошироката јавност со чинот на ревидирањето на истите. Токму затоа законската регулатива бара, но и деловните субјекти сакаат да се изврши ревизија на презентирањата во финансиските извештаи.

Деловните ентитети, при донесувањето на економските одлуки, во не мал број случаи, се соочени со несигурноста и неизвесноста, односно секогаш постои извесен ризик оној

кој ја донесува одлуката да селектира погрешна алтернатива, а како последица на тоа да се претрпат енормни загуби. Токму кредибилитетот, додаден од страна на ревизорот кон презентираните информации, де факто го редуцира нивото на информативниот ризик за субјектите инволвирани во донесувањето на деловните одлуки.

Во втората глава со наслов „Современи стојалишта за финансиските извештаи" д-р Јанка Димитрова ги разработува компонентите на финансиските извештаи и нивната содржина, односно позиции кои истите ги содржат за да може да се добие целосна претстава за работењето на деловниот субјект, резултатите кои ги остварува, имотот со кој располага и готовината која успева да ја наплати во текот на пресметковниот период.

Со разбирањето и читањето на финансиските извештаи на компаниите, и кога се знае значењето на бројките содржани во финансиските извештаи се има цврста основа за проценка на бизнисот и носење на инвестициски одлуки, истакнува Ј. Димитрова. Секако дека успехот на инвестирањето зависи од натамошниот развој на компанијата, а иднината никогаш со сигурност не може да се предвиди, но ако се имаат прецизни информации за моменталната финансиска состојба на компанијата и податоци за поранешната заработувачка ќе можат полесно да се проценат идните можности на компанијата.

Улогата на меѓународните стандарди за финансиско известување и меѓународните ревизорски стандарди во ревидирањето на финансиските извештаи, како општа регулативна рамка за подготвување на финансиските извештаи и вршењето на ревизија на истите е обработена во третата глава од овој труд. Д-р Јанка Димитрова вешто ги има идентификувано и обработено проблемите при имплементирањето на меѓународните стандарди за финансиско известување и на меѓународните ревизорски стандарди, како и достапноста на информациите на ентитетот во кој се врши ревизија.

Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) претставуваат минимум задолжителни норми за изготвување и презентирање на финансиските извештаи, независно од конкретните национални особености. За да се потврди реалноста, веродостојноста и објективноста на финансиските извештаи Ј. Димитрова ја нагласува потребата од нивно потврдување, односно ревидирање од страна на независни стручни лица. Тоа се постигнува со ревизија на веќе изготвените финансиски извештаи за кои одговорноста е на менаџментот на деловниот субјект. Со ревизијата, финансиските извештаи и информациите што тие ги обезбедуваат, добиваат јавност со универзално значење на нивната искажана моќ и во значителна мера обезбедуваат гаранција за нивната точност и вистинитост, при што одговорноста за искажаното ревизорско мислење е на ревизорот кој ја врши ревизијата.

Четвртата глава со наслов „Теоретски основи и потреба од алоцирање на информациите од ревидираните финансиски извештаи" ги разработува информациите кои се презентирани во финансиските извештаи и нивната алокација до бројни корисници, како што се: акционерите, берзата за долгорочни хартии од вредност, вработените, купувачите и доверителите, банките, централниот регистар, пошироката јавност и државните органи и институции. Сите тие со еден збор наречени стеикхолдери, имаат свои интереси за успешното работење на деловниот ентитет, па затоа секогаш будно ги следат остварените резултати од работењето и развојот.

Анализата на информациите кои ги нудат ревидираните финансиски извештаи и нивната дистрибуција до сите заинтересирани и потенцијални корисници и институции, истакнува Ј. Димитрова, има за цел да ја нагласи нивната исклучителна важност при донесувањето на инвестициони одлуки како од страна на менаџментот на компаниите за воведување на нови капитални инвестиции, така и од страна на инвеститорите кои би ги инвестирале своите слободни парични средства за реализација на планираните инвестиции. Таа посебно внимание посветува на аналитичките постапки кои се применуваат за да на инвеститорите им се обезбеди оптимално портфолио од хартии од вредност за минимизирање на ризикот на вложените средства. Крајната цел на анализата е да се дадат предлози и мерки за зголемување на мобилизирањето капитал преку емисија на хартии од вредност и одлучувањето за инвестирање на пазарот на капитал врз основа на информациите од ревидираните финансиски извештаи.

Комбинирани, споредени, ставени во сооднос, информациите презентирани во финансиските извештаи даваат показатели и коефициенти за оперативната активност, профитабилноста, рентабилноста, ефикасноста на користењето на средствата, финансиската стабилност и ликвидност, како и за политиките за исплата на дивиденди и заработувачката по акција. Сите овие показатели и коефициенти, како и нивното значење се обработени во петтата глава од овој труд со наслов „Стандарди и критериуми за селектирање на информациите од ревидираните финансиски извештаи".

Презентирањата во ревидираните финансиски извештаи, изготвени според меѓународните стандарди за финансиско известување во форма на збирови, разлики, проценти. коефициенти и други форми, претставуваат основен извор на информации, врз основа на кои менаџментот на компаниите и потенцијалните инвеститори ги темелат своите инвестициони одлуки.

Шестата глава со наслов „Ревидираните финансиски извештаи како основен извор на информации за мобилизирање на капитал и инвестирање на пазарот на капитал" става акцент на информациите од ревидираните финансиски извештаи како основа за донесување на одлуки при мобилизирање на капитал преку емисија на хартии од вредност или инвестирање на пазарот на капитал. Овде, Ј. Димитрова ги разработува основните извори на капитал (емисија на хартии од вредност и долгорочни кредити) за финансирање на капитални инвестиции, како и инвестирањето на пазарот на капитал (секундарен пазар) како сегмент на финансискиот пазар.

Местото и улогата на инвеститорот во националната економија и на пазарот на капитал е многу важна, бидејќи постоењето и функционирањето на пазарот на капитал е поврзано и условено од постоењето на сопствениците на капитал кои се заинтересирани да го вложат својот капитал во одредена инвестиција. Токму затоа е потребно да се воспостави ефикасен систем на заштита на интересите на инвеститорите.

За да се овозможи пазарна трансформација на капиталот во определени сопственички структури, како и ефикасна алокација на потребните слободни финансиски ресурси, потребно е да има организирани финансиски пазари и институции, како и регулативна рамка, ќе истакне Ј. Димитрова. За таа цел, таа мошне студиозно ја разработила институционалната структура за функционирање на пазарот на капитал во Р. Македонија (Комисијата за хартии од вредност, Македонската берза за хартии од вредност, Централниот депозитар за хартии од вредност, Брокерските друштва, Инвестиционите фондови) детално опишувајќи ги функциите, целите и задачите.

Седмата глава од трудот со наслов „Имплементација на информациите од ревидираните финансиски извештаи на деловните субјекти при донесување на одлуки за мобилизација на капитал", всушност, претставува интегрална и фундаментална содржина на дисертацијата и е посветена на разгледување на законските аспекти на информациите од ревидираните финансиски извештаи презентирани преку пропишаната рамка за финансиско известување во која д-р Јанка Димитрова посебно внимание посветува на регулативната рамка за функционирање на пазарот на капитал преку разработка на одредбите кои се однесуваат на оваа област во Законот за трговски друштва, Правилникот за водење на сметководство, Законот за ревизија и Законот за хартии од вредност, како и имплементација на информациите од ревидираните биланс на состојба, биланс на успех, извештај за промените на капиталот и извештај за паричните текови при мобилизирањето капитал преку емисија на хартии од вредност.

Разгледувајќи ги законските аспекти и норми како можни извори на капитал преку емисија на хартии од вредност, Ј. Димитрова ги идентификува емисијата на акции (примарна и секундарна) и емисијата на корпоративни обврзници. Токму затоа ги разработува Иницијалната јавна понуда - Initial Public Offering (IPO) на акции и корпоративните обврзници кои во суштина претставуваат единствени можни извори на капитал кај нас преку емисија на хартии од вредност.

Моменталната кризна состојба на глобално ниво значително го поскапе позајмениот капитал што го нудат деловните банки, па затоа на деловните субјекти треба да им се понудат други поприфатливи форми и продукти како извори на капитал со поедноставни, поевтини и брзи процедури на емисија на хартии од вредност. Потребна е широка кампања

(преку печатените и електронските медиуми, преку изработка на прирачници и брошури, преку организирање на тркалезни маси и трибини, преку индивидуални посети и др.), со цел деловните субјекти да стекнат повисок степен на познавање на оваа материја и предностите во однос на кредитните задолжувања.

Не помалку важна е и соработката со физичките лица кои се значајна алка во синџирот на потенцијални инвеститори кои своите заштеди (вишок средства односно одложена потрошувачка), би ги инвестирале во хартии од вредност наместо да ги чуваат под перница или во банка, но и да стекнат навика да ги користат услугите на професионалните инвестициони советници за диверзификација на ризикот и минимизирање на загубите од вложениот капитал, нагласува д-р Димитрова.

Крајот од докторската дисертација е посветен на заклучоците добиени од истражувањето. Согласно со методологијата за научноистражувачка активност, сублимирано се прикажани резултатите и заклучоците до коишто дошла д-р Јанка Димитрова. Истражувањето дава придонес кон сеопфатното согледување на информативната функција на ревидираните финансиски извештаи при донесување на одлуки за мобилизирање на капитал преку емисија на хартии од вредност од страна на компаниите и при донесување одлука за инвестирање на пазарот на капитал од страна на инвеститорите, за да се обезбеди економскиот раст и развој, како на компаниите така и на националната економија, сето тоа поддржано од строго регулиран и институционализиран пазар на капитал.

**Евалуација на трудот број 2 –** „Теоретско методолошки аспекти на независните ревизорски тестови при имплементација на фундаменталните концепти на ревизијата", магистерски труд, 163 страници, Економски факултет -Прилеп, 2005 г.

Во магистерскиот труд, д-р Јанка Димитрова фокусот на истражувањето го става на теоретските и методолошките аспекти на независните ревизорски тестови, согледувајќи ја нивната функција во имплементацијата на фундаменталните концепти на ревизијата, со цел да се добие појасна слика за исклучителната важност и улога на извршените независни ревизорски тестови при имплементирањето на фундаменталните концепти на ревизијата и нивната корелативна поврзаност. Во трудот се обработени поголем број прашања што, всушност, предметот на истражување го поврзуваат во една компактна целина.

Основната цел на оваа истражување се темели и на еден од основните принципи во ревизијата, а тоа е да се добие релевантен ревизорски доказ за финансиските извештаи на определен ентитет кој ќе биде, пред сѐ, ефикасен и ефективен, кој ќе понуди веродостојни и валидни резултати со што помали реални трошоци.

Во воведниот дел на магистерскиот труд д-р Јанка Димитрова ја објаснува определбата да истражува една, иако нова, но во ништо помалку актуелна и комплексна област, посебно во Република Македонија, потенцирајќи ја потребата од ревизија на финансиските извештаи на разните деловни ентитети, како професија и практика создадена за непристрасно известување, чија задача се состои во изготвување извештај и давање мислење за вистинитоста и веродостојноста на финансиските и други извештаи, како и нивната усогласеност со рамката за финансиско известување според меѓународните стандарди и законската регулатива во Р. Македонија.

Овде ја искажува и исклучителната важност од кај нас прифатените и во праксата имплементирани меѓународни сметководствени и ревизорски стандарди, со што е овозможено унифицираност во финансиското известување и ревидирањето на финансиските извештаи, а со тоа и можноста за вклучување на глобалните финансиски пазари.

Во вториот дел од трудот д-р Димитрова прави краток осврт на теоретско концептуалната рамка на ревизијата преку, историскиот осврт на етимологијата на терминот ревизија, кој е во тесна корелација со развојот на сметководството. Во таа смисла кандидатката со посебно внимание го истражува развојот на ревизијата и ревизорската професија воопшто, во поранешна Југославија и во Република Македонија за да констатира дека иако не со многу брзо темпо ревизијата кај нас се развива и претставува значајна поддршка за финансискиот и економскиот развој на земјата.

Во натамошната разработка на оваа поглавје, авторката се осврнува на современите стојалишта за дефинирање на целите и задачите на ревизијата, која претставува систематски

процес на објективно прибирање и оцена на докази поврзани со извештаите за економските настани и резултати, со цел да се потврди степенот на кореспондентност меѓу постојните извештаи за работењето и однапред утврдените критериуми и да се дистрибуираат добиените резултати до заинтересираните корисници. Овде ја воспоставува врската помеѓу корисниците, менаџментот и ревизорите на финансиските извештаи, бидејќи целта на ревизијата на финансиските извештаи е да овозможи ревизорот да изрази мислење дали финансиските извештаи се изготвени според сите значајни аспекти, во согласност со утврдената рамка за финансиско известување.

Фундаменталните концепти во ревизијата се предмет на истражување во третиот дел од магистерскиот труд којшто заедно со четвртиот дел го претставуваат јадрото на истражување на овој труд, Во овој дел д-р Јанка Димитрова ги разработува трите фундаментални концепти на ревизија (концептот на материојалност - значајност, концептот на ревизорски ризик и концептот на ревизорски доказ), чие разбирање и имплементирање условува спроведување на брза, ефикасна и ефективна ревизија на финансиските извештаи на деловните ентитети.

Поединечно разработувајќи ги клучните аспекти на трите фундаментални концепти во ревизијата, авторката го поставува редоследот по кој ревизорот пристапува при нивното разгледување, утврдување и прибавување при вршењето на ревизијата. Во тој контекст ќе констатира дека најпрвин се утврдува степенот (нивото) на материјалноста (значајноста), потоа следува оценката на ревизорскиот ризик и неговите компоненти, за на крајот, врз основа на акумулираните сознанија, со поголем степен на сигурност да го определи квантитетот и квалитетот на потребните ревизорски докази.

Методологијата за примена на независните тестови во ревизијата се предмет на истражување во четвртиот дел од магистерскиот труд, којшто како што беше напоменато е јадро на истражувањето, каде што авторката на транспарентен начин ги обработува бројните постапки кои во основа се сведуваат на тестови на ревизија, преку кои се прибира доволно компетентен и релевантен доказен материјал, за оформување и изразување на објективно, независно и аргументирано мислење.

Во тој контекст авторката ја нагласува констатацијата дека ревизорот е тој кој што донесува одлука која комбинација на тестови ќе ги примени (тестовите на контрола чија цел е оценување на контролниот ризик: тестовите на детали на трансакции кои го оценуваат контролниот ризик и го држат детекциониот ризик на прифатливо ниво и тестови на детали на салда кои се спроведуваат за одржување на детекциониот ризик на прифатливо ниско ниво) за да ги добие најефективните и најефикасните средства за стекнување на потребниот ревизорски доказ, користејќи ги бројните техники при вршењето на независните тестови, не заборавајќи да ја нагласи важноста на аналитичките постапки, кои се имплементираат во текот на целиот процес на ревизијата (од составувањето на планот и програмата за вршење на ревизијата па сè до изготвувањето на ревизорскиот извештај и изразувањето на мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи).

Д-р Јанка Димитрова во петтиот дел од трудот се задржува на апликацијата на истражувачките резултати врз ревизијата на конкретно акционерско друштво во Република Македонија, согледувајќи дека заради обезбедување финансиски извештаи, што ќе бидат лесно разбирливи и погодни за обработка, се јавила потребата од стандардизација на финансиското известување, стандардизацијата на меѓународното финансиско известување и неговиот квалитет, како според меѓународните сметководствени стандарди, така и според меѓународните ревизорски стандарди. Во овој дел авторката ја разработува ревизијата, поаѓајќи од законската регулатива, односно нејзиниот третман според Законот за трговски друштва, Законот за ревизија и Законот за државна ревизија, утврдувајќи го редоследот на изведувањето на процесот на ревизијата и ревизорските постапки.

Во ова поглавје д-р Јанка Димитрова ги разработува сите видови на ревизорски извештаи за финансиските извештаи (безусловни и модифицирани), давајќи практична илустрација на истите, за да на крајот обработи практичен пример на комплетен ревизорски извештај, во кој ги разработува задолжителните компоненти на финансиските извештаи (билансот на состојба, билансот на успех, извештајот за паричните текови, извештајот за промените во капиталот и сметководствените политики и објаснувачките забелешки).

Конечно, авторката, во последниот дел, заклучните согледувања, концизно и јасно ги елаборира своите заклучоци и сознанија во врска со истражуваниот предмет на магистерскиот труд, истовремено упатувајќи и на сопствени, соодветни размисли и решенија за оваа проблематика.

**Евалуација на трудот број 3 –** „Емисија на хартии од вредност како извор на капитал", објавен во списанието „Економија и бизнис", Јануари 2010 г.

Основна цел на истражување во овој труд е идентификување на емисијата на хартии од вредност како еден од можните извори на капитал посматран од законски, институционален и инвестициски аспект. Нова емисија односно издавање на хартии од вредност се нарекува примарен пазар на капитал. Примарниот пазар на капитал ги опфаќа институциите, инструментите и механизмите, преку кои се вршат комплексните работи врзани за подготовката и реализацијата на емисиите на долгорочни хартии од вредност (акции и обврзници). Преку примарниот пазар на капитал се врши мобилизација (прибирање) на слободен паричен капитал, со цел за долгорочно финансирање на инвестиционите проекти на компаниите. Целта на прибирање на нов капитал, подразбира доброволна централизација на капиталот, преку која компаниите доаѓаат до финансиските средства.

Д-р Јанка Димитрова ќе констатира дека пазарот на капитал е од пресудно значење за претпријатијата, затоа што токму преку овој пазар тие можат да дојдат до потребниот капитал за финансирање на планираните развојни проекти. Издавањето на хартии од вредност на примарниот пазар вклучувајќи ги и сопствените акции, може да се врши по пат на јавна понуда и по пат на приватна понуда.

Според д-р Јанка Димитрова, најважни детерминанти при носењето одлука за користење на алтернативни извори на капитал (емисија на хартии од вредност) наспроти финансирање со кредитирање се:

– цената на капиталот односно нивото на трошоци за емисија на хартии од вредност наспроти висината на каматната стапка на кредитите и останатите трошоци на кредитот;
– брзината на реализација на емисија на хартии од вредност наспроти брзината на земање на банкарски кредит;
– ниското ниво на запознаеност на деловните субјекти со можноста и постапката за мобилизација на капитал преку емисија на хартии од вредност.

Кампања за запознавање на деловните субјекти со законските можности за мобилизација на капитал преку емисија на хартии од вредност, како и поедноставување на процедурите и скратување на роковите при емисија на хартии од вредност, би можело позитивно да влијае на поширока примена на емисијата на хартии од вредност како алтернативен извор на капитал ќе заклучи авторката Јанка Димитрова.

**Евалуација на трудот број 4 – „**Банкарските кредити како извор на капитал", објавен во списанието „Економија и бизнис", април 2010 г.

Компаниите во текот на работењето вложуваат во заменување на опремата, проширување на производството, воведување на нови производи и услуги, проширување на пазарот, подобрување на организацијата на работењето, усовршување на кадрите, одговарање на предизвикот на конкуренцијата и други цели дефинирани во развојната стратегија на претпријатието. Тоа секако ќе придонесе за зголемување на конкурентската способност на високо ниво и позитивни финансиски резултати. Воведувањето на софистицирана опрема и технологија, претставува капитална инвестиција која бара ангажирење на големи финансиски средства за да истата се реализира.

Д-р Јанка Димитрова ќе нотира дека компаниите, инвестиционите проекти можат да ги финансираат од сопствени извори (доколку имаат потенцијал да остваруваат парични текови од кои, покрај тоа што ќе може да ги покриваат тековните обврски од редовно работење, ќе може континуирано да ги покриваат и обврските за воведување на новата капитална инвестиција). Меѓутоа, компаниите за финансирање на инвестициони проекти најчесто користат позајмени извори на капитал во форма на долгорочни кредити од комерцијалните банки.

Основно прашање кое се поставува при носење на одлуката за земање кредит е дали кредитот ќе може да се отплатува навреме според утврдената динамика. Како основни критериуми за проценка на ефикасноста на инвестиционите проекти д-р Димитрова ги наведува нивото на интерна стапка на рентабилност и критериумот на нето сегашна вредност. При одобрување на секој кредит, банките се соочени со ризик тој да не биде вратен - кредитен ризик. За да се намали кредитниот ризик банките воведуваат повеќестепено одлучување при одобрувањето на кредити, а една од можните форми на заштита на банките од донесување на погрешни кредитни одлуки, кои значајно се темелат врз искажаните финансиски резултати презентирани во финансиските извештаи на компаниите, е банките да бараат финансиските извештаи да бидат ревидирани односно веродостојноста на презентираните податоци да биде потврдена со ревизорско мислење, ќе заклучи авторката д-р Јанка Димитрова.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Кандидатката д-р Јанка Димитрова има поднесено комплетна документација, според Конкурсот. Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и едукативната активност, Комисијата констатира дека кандидатката покажува постојан и прогресивен стручен развој и дава значаен придонес во областа на сметководството и финансиите. Стекнатото искуство ја квалификува истата да продолжи во иднина да го унапреди овој процес на повисоко ниво.

Квалитетот на кандидатката се потврдува и преку објавените стручни трудови, а посебно нејзината научноистражувачка работа е изразена при изготвувањето и одбраната на магистерскиот и докторскиот труд, во кои детално се разработуваат проблемите на ревизијата, како потесно подрачје на интерес на кандидатката во областа во која аплицира за избор.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип **да ја избере кандидатката д-р Јанка Димитрова во насловно звање доцент на наставно-научната област сметководство и финансии**.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Александар Костадиновски, претседател, с.р**
**Доц. д-р Оливера Ѓеоргиева-Трајковска, член, с.р**
**Доц. д-р Крсте Шајновски, член. с.р**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Јанка Димитрова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| а) Наставно-образовна (НО) дејност | | | |
| 1. Раководител на семинар<br>- Семинар за почитување и примена на законската регулатива на Р.Македонија, при водење на мали бизниси, за 80 слушатели претприемачи од Општина Радовиш, одржан на 12.12.2009 година<br>- Тридневен семинар за ажурирање на базата на податоци за локални даноци и такси - поддржан од ЕЛС Радовиш и Конче и УНДП, за 20 слушатели, одржан на 11.12 и 13.2.2010 година | 1<br>1 | 2<br>2 | 2<br>2 |
| **Вкупно:** | | | 4 |
| б) Научноистражувачка (НИ) дејност | | | |
| 2. Одбранета докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| 3. Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | 4 |
| **Вкупно:** | | | **12** |
| в) Стручно-апликативна дејност | | | |
| 4. Труд во стручно списание (во земјава)<br>- Емисија на хартии од вредност како извор на капитал, објавен во списанието „Економија и бизнис“, јануари 2010 г.;<br>- Банкарските кредити како извор на капитал, објавен во списанието „Економија и бизнис“, април 2010 г.. | 2 | 2 | 4 |
| 5. Предавање на стручен собир<br>- Семинар за промени во Законот за платен промет, поддржан од Прокредит банка - Филијала Струмица, за повеќе од 30 книговодители од Радовиш, на 29.12.2008 година<br>- Презентира истражување на тема „Мобилизација на капитал преку емисија на хартии од вредност (реална можност или илузија)“, на настан организиран во организација на Македонската берза за хартии од вредност, објавен на www.mse.com.mk, на 19.5.2009 г.<br>- Предавање на тема „Хартиите од вредност како извор на капитал“, во рамките на континуираното професионално усовршување на овластените ревизори на Р. Македонија, одржано на 29.9.2010 г., објавено на www.ioorm.org.mk, на 29.9.2010 г. | 3 | 2 | 6 |
| 6. Техничко унапредување<br>- проценител со општо овластување за проценка на претпријатијата со општествен капитал<br>- овластен ревизор<br>- инвестиционен советник<br>- советник за претприемништво - генералист<br>- консултант за поддршка на развојот на мали и средни претпријатија<br>- вешто лице за основните судови во Радовиш и Струмица. | 6 | 2 | 12 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. Елаборат и експертизи<br>- елаборати за проценка на претпријатија со општествен капитал<br>- елаборати за проценка на имот<br>- физибилити студија<br>- анализа на работење и развојни можности на компании | 13<br>7<br>1<br>26 | 2<br>2<br>2<br>0,1 | 26<br>14<br>2<br>2,6 |
| **Вкупно:** | | | **66.6** |
| **Вкупно (А+Б+В):** | | | **82.6** |